# НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 128, Дата: 23. 04. 2012.**


## ЧЕТИРИ ЖИВОТНИ БУРИ

Во Библијата, на четири места се зборува за настани кои се поврзани со бура. Сите овие примери имаат за цел да ни пренесат одредена животна лекција. Секоја од четирите бури, зборува за некоја животна бура, низ која поминува верникот.

**Првата бура е бура на непослушноста**.



За неа се зборува во книгата на пророкот Јона. Бог побара од Јона да проповеда во Ниневија-град на незнабожци, но тој тоа не го сакаше, бидејќи знаеше дека ако се покајат, Бог ќе ги спаси. Несакајќи да Му биде послушен на Бог, реши да се сокрие од лицето Божјо и побегна со брод кој што плови за Тарс. Но, дали некој може да побегне од Бог? Во Псалм 139 стои запишано: *„Каде да одам од Твојот Дух и каде да побегнам од Твоето лице? Ако се вознесам на небото: таму си, ако легнам во подземјето: и таму си. Ако ги земам крилата на зората и се населам на крајот на морето, и таму, Твојата рака ќе ме води, Твојата десница ќе ме држи.“* Псалмот укажува дека Бог е насекаде и дека не можеме да се сокриеме од Него. Па сепак Јона се обидуваше да го направи токму тоа и одлучи да Му биде непослушен на Бог.

Непослушноста на Јона предизвика бура. Откако се разбра дека Јона е виновникот за бурата, беше фрлен во морето и проголтан од огромна риба. Три дена и три ноќи беше во рибата. Таму, тој ја разбра својата грешка, се покаја и се помоли на Бог. Неговата молитва беше слушната и Бог нареди рибата да го исфрли на брегот. **Бурата престана кога Јона ги призна своите гревови.**

Колку денес има такви луѓе како Јона!? Бог ги повикува да Му бидат верни и да му служат, а тие наоѓаат изговори. Се обидуваат да избегат од Бог. Тогаш во нивните животи доаѓаат бури и тие страдат, но не само тие туку и тие околу нив.. **Ако бурата во нашиот живот е од ист карактер, нема да престане се додека не ги признаеме своите гревови.**



**Втората бура е бура на сотоната**.

Во Новиот Завет (во Евангелие по Матеј 8:23-27) е опишан настанот кога Исус спиеше во бродот на своите ученици. Сотоната, со неговата моќ, сакаше да го уништи дури и Исус. Човек кој спие, е многу лесно да му наштетиш. Сотоната чека ние духовно да заспиеме, па да нé заведе. Но, Словото Божјо вели: "не спијте". Учениците се исплашија иако Исус беше до нив. Но,да не брзаме да ги осудуваме.

Колку пати и ние сме се нашле во слична ситуација!? Колку пати, кога ќе се најдеме во некоја неволја, трчаме околу да најдеме помош, а помошта се наоѓа до нас. Запомни, кога сотоната ќе подигне бура против тебе (преку неволји, проблеми, страдања..), Исус е близу до тебе. Довери Му се и нема да потонеш.

**Третата бура е бурата на искушенијата**
**(Евангелие по Матеј 14:22-33)**



Во една прилика, Исус им заповеда на учениците да се качат на бродот и да преминат на другата страна од езерото, а Тој остана да се моли. Но, тогаш настана бура. Бротчето беше измачувано од брановите. Ветерот им дуваше во лицето (од спротивен правец) и се чинеше дека е полесно да се вратат. Веројатно и самите тие беа во искушение да се вратат назад, но тие сепак одлучија да Го послушаат нивниот учител и да продолжат напред.

Кога ќе станеме христијани, ќе се појават искушенија кои ќе имаат за цел да не одвратат од верата. Сите верници мораат да поминат низ таа бура. Но, ти треба да донесеш одлука: „нема враќање назад, без разлика на искушенијата". „Бурите" ќе се појават, но Библијата ни кажува дека Бог нема да дозволи повеќе искушенија, отколку што можеме да носиме. Сите стоиме по милоста Божја. Таа нé држи и не дозволува да потонеме.



**Четвртата бура е бурата на гордоста**
**(Дела Апостолски 27:9-11)**

Апостол Павле, заедно со 275 робови оди во Рим, каде што треба да му се суди за неговата вера во Христа. Времето е доцна есен. Павле предлага да не одат на пат, но капетанот на бродот не го послуша. Тој беше премногу горд за да прими совет од друг. „Јас подобро знам од Павле", си велеше во себе! Но само што тргнаа, бурата започна. На крај, дури и доживееа бродолом.

Таа бура (гордоста) е опасна за луѓето. Но, во Библијата пишува: *"секој кој се возвишува (возгордева), ќе биде понизен."* (Лука 14:11).
Треба добро да се внимава на овој грев, затоа што гордоста секогаш е проследена со пад. Поради гордоста на капетанот на бродот, беа загрозени и животите на другите, па и на Павле. Но, поради неговата молитва, тие беа избавени.

Денес, цел на Сотоната не е само да те натера да згрешиш, туку и да отпаднеш од верата, а таа е клучот за спасение. Откако ги проучивме четирите животни бури, секој може да се преиспита и да види во која бура се наоѓа. Можеби некој ќе заклучи дека е во сите четири .
Но не плаши се. Бог гледа сé и ја има целосната контрола. Нашиот Бог е Бог над бурите.

**Автор: Деска Барбутова од Струмица**

**Адреса: „Ново Срце", П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**